Трговско друштво за производство, услуги и промет
ПЕЈТЕН ДООЕЛ
Бр. 0101-209/21
18.08. 2021 год.
СКОПЈЕ

Payten

# ПОЛИТИКА
## ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
## на ПЕЈТЕН ДООЕЛ Скопје

| Document Control | | | |
|---|---|---|---|
| Author | Sashko Petkov | Created | 16.08.2021 |
| Control | | Last Updated | 16.08.2021 |
| Approve | Slavcho Angelovski,<br>Jordan Kanturski | Ref. No. | QP_ |
| Contributors | | Stability | Final |
| Quality Manager | | Version | 1.0 |
| | | Classification | Internal |
| **Last Changes** | | | |
| | | | |

# ПОЛИТИКА
## ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
## на ПЕЈТЕН ДООЕЛ Скопје

## I. Правна основа, најважните правила за обработка на лични податоци и дефиниции

### 1. Правна основа

Целта на оваа Политика за безбедност на лични податоци е да се дефинираат правилата за заштита на личните податоци во Пејтен, во согласност со Законот за заштита на лични податоци ( Сл.в. на РСМ 42/2020) и подзаконските акти со кои се регулира предметната материја, како и на база на Европските Регулативи за заштита на физичките лица во однос на обработка на личните податоци и за слободно движење на такви информации, се со цел обезбедување на заштита на лични податоци од обработка на начин спротивен на одредбите од регулативата, неовластен пристап до нив и неовластено: откривање, удвојување, модификација, уништување, губење, неправилна употреба или кражба, како и заради извршување на обврските наметнати од закон.
ПЕЈТЕН има веќе воспоставен систем за управување со безбедноста на информативниот систем односно сертификација согласно ISO 27001 стандардот и VISA PCI – PIN loading сертификатот, опишани низ правилниците на ПЕЈТЕН утврдени согласно закон, позитивните стандарди и регулативи.

Оваа Политика за безбедност на лични податоци на ПЕЈТЕН се однесува на сите организациони единици на Друштвото каде што се обработуваат лични податоци и го регулира управувањето со личните податоци обработени во хартиена и електронска форма.

Во согласнот со интерните потреби и деловни активности на Друштвото, оформени се и Правилници и Процедури во кои подетално се разработени принципите на поединечни процеси на обработка и заштита, кои претставуваат составен дел на оваа Политика и се заедно наречени „Политики за безбедност".

Во рамки и во согласност со главната дејност на ПЕЈТЕН, Друштвото не обезбедува никакви услуги на физички лица, а обработката на лични податоци се однесува на податоците на вработените на ПЕЈТЕН (и/или на вработените на Групацијата ПЕЈТЕН), како и на контакт лица и претставници на субјекти кои соработуваат со ПЕЈТЕН (или друштвата на Групацијата) во својство на добавувачи, продавачи, клиенти, подизведувачи, надворешни соработници и сл.

Обработката на податоците во врска со исполнувањето на овие услуги е предмет на посебна заштита во ПЕЈТЕН, во согласност со релевантните договори за меѓусебна соработка и обработка на податоци.

### 2. Најважни принципи за обработка на лични податоци

**Секој оној кој обработува лични податоци во ПЕЈТЕН, треба да ги запомни и да ги земе предвид следниве принципи во своите секојдневни активности:**

1) **принципот на приватност по дифолт** (*privacy by default*) член 29 од

ЗЗЛП, што значи потреба за одржување на највисока безбедност на приватноста и заштитата на личните податоци со обработка само на податоци кои се неопходни за одредена цел на обработка, обемот на податоците и периодот на нивната обработка), на начин што елементите за заштита на приватноста се земаат во предвид уште во фазата на дизајн и имплементацијата на одреден систем, услуга, производ или бизнис процес, во текот на целиот циклус на обработка на личните податоци. Личните податоци се автоматски заштитени во било кој ИТ систем, услуга, производ или бизнис процес на начин што физичките лица не треба да преземаат дополнителна активност да ја заштитат својата приватност;

2) **принципот на вклучување на заштитата на личните податоци во фаза на креирање** (*privacy by design*) член 29 од ЗЗЛП, што значи обврска да се земе предвид заштитата на личните податоци во фазата на креирање на услугата или производот секогаш анализирајќи го потенцијалниот ризик од нарушување на заштитата на податоците според специфичноста на проектот, за која цел се анализираат потребните безбедносни организационо технички заштитни мерки и се ограничува на минимум групата лица кои потенцијално би можеле да имаат пристап до личните податоци;

*3)* **принципот на законитост, транспарентност, интегритет и доверливост на обработката на лични податоци** (член 9 од ЗЗЛП), што значи дека во однос на обработката на одредени лични податоци, постојат околности што му овозможуваат на Контролорот односно администраторот на податоци да ги обработува во рамките на одредбите од законот со запазување на минималност во обемот, конкретни, јасни и легитимни, ограничени цели, точност, интегритет и доверливост во чувањето на податоците во законски рокови и отчетност

4) **принципот на информирање и усогласеност со законските правата на субјектите на личните податоци** (член 16 до 27 од ЗЗЛП), што значи обврска на Контролорот да информира и да им говозможи на сублектите исполнување на правата предвидени со закон.

5) **принципот на законитоста на обработката на личните податоци, чиј субјект за обработка не е Контролор** (член 10 од ЗЗЛП), што опфаќа обработка на податоци врз основа на договор склучен со надлежниот Контролор на лични податоци; лични податоци за кои ПЕЈТЕН е Контролор а им се даваат на други субјекти (на пр.: надворешно сметководствено биро, надворешен субјект кој обезбедува услуги со човечки ресурси, Управа за јавни приходи, МВР и сл.); податоци на други администратори доставени на ПЕЈТЕН за обработка (на пр.: податоци за крајни клиенти склучени ПЕЈТЕН од страна на приматели на услуги - договори на страни за спроведување и одржување на иртеми, кол центри и сл.).

6) **принципот на пријавување на прекршувања на личните податоци до надзорен орган, субјектот и надлежните државни институции, без непотребно одлагање** (член 37 и 38 од ЗЗЛП), на начин и во рокови детализирани во Законот и во интерните правилници на Друштвото, во случај на нарушување на заштитата на личните податоци;

7) **водење регистар на Збирки на лични податоци за обработка (Каталог) од страна на ПЕЈТЕН на начин и во обем пропишан со закон.**

## 3. Дефиниции

1) **Контролор на лични податоци** –ПЕЈТЕН ДООЕЛ Скопје (или "ПЕЈТЕН")

2) **Администратор на ИТ систем** - вработен или вработени во одделни сектори, особено во ИТ секторот, одговорни за работењето на системот и примената на техничките и организациските безбедносни мерки за конкретниот систем, до степен наведен во релевантните овластувања и договори.

3) **Офицер за лични податоци** – назначено и овластено лице кое ја обезбедува, следи и контролира усогласеноста на работењето на Друштвото со прописите за заштита на лични податоци.

4) **лични податоци** - информации за идентификувано или можно идентификувано лице кое може директно или индиректно да се идентификува, особено врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број, податоци за локација, идентификатор на интернет или еден или повеќе специфични фактори што го одредуваат физичкиот, физиолошкиот, генетскиот, менталниот, економскиот, културниот или социјалниот идентитет на едно лице.

5) **ИТ носачи на податоци** – медиуми, опрема и уреди што се користат за снимање, складирање и читање на лични податоци во дигитална или аналогна форма,

6) **интегритет на податоците** - својство што гарантира дека личните податоци не биле променети или уништени на неовластен начин,

7) **доверливост на податоците** - својство што гарантира дека податоците не се откриваат на неовластени лица,

8) **обработка на лични податоци** - операција или збир на операции извршени врз лични податоци или збирка на лични податоци на автоматски или неавтоматски начин, како што се собирање, снимање, организирање, подредување, складирање, прилагодување или модифицирање, преземање, прегледување, користење, откривање со испраќање, дистрибуција или кој било друг вид, споделување, совпаѓање или комбинирање, ограничување, бришење или уништување,

9) **отчетност на податоците** - својство што гарантира дека активностите на субјектот можат да бидат недвосмислено оправдани во рамки на законските права,

10) **бришење на податоци** - уништување на лични податоци или таква измена што не дозволува идентификување на субјектот на податоците до степен дозволен со закон

11) **трета земја** – секоја земја надвор од границите не РС Македонија.

12) **збирка на податоци** - означува подредена збирка на лични податоци достапна според специфични критериуми, без оглед дали оваа збирка е централизирана, децентрализирана или распостранета на функционална или географска основа.

13) **проценка на ризик** - анализа на закана и проценка на ризик на ресурсите на ПЕЈТЕН идентификувани во регистарот на средства.

14) **персонал на ПЕЈТЕН** - вработени во ПЕЈТЕН и физички лица кои

соработуваат врз основа на договори за соработка, на кои им се дадени соодветни овластувања за обработка на лични податоци (со тоа што, соработниците не претставуваат други трети страни во смисла на GDPR)

## II. Опсег на примена на Политиката

Политиката за безбедност се однесува на обработка на сите лични податоци обработени во ПЕЈТЕН во хартиена и електронска форма, како датотеки, книги, регистратори, списоци и други записи, како и во ИТ системите со кои располага ПЕЈТЕН.

Политиката за безбедност се однесува на вработените во сите сектори на ПЕЈТЕН, поради што вработените на ПЕЈТЕН кои имаат пристап до лични податоци треба да бидат запознаени со содржината и да има пристап до оваа Политика и до позитивните законски прописи со кои се регулира оваа материја.

Контролорот ќе се грижи да се спроведуваат редовни обуки и тренинзи за вработените на ПЕЈТЕН од областа на заштита на лични податоци.

Одредбите од Политиката за безбедност може да се применат и за субјектите на кои ПЕЈТЕН, како Контролор на податоците, им доверил лични податоци за обработка.

### 1. Област на обработка на лични податоци

Обработката на лични податоци во ПЕЈТЕН се одвива и со употреба на ИТ системи и традиционалната „хартиена" верзија.

Обработката на лични податоци на ПЕЈТЕН е утврдена во Правилникот за правење сигурносна копија, архивирање и чување, повторно враќање на зачуваните податоци, уништување, бришење и чистење на медиуми.

ПЕЈТЕН заради реализација на целите согласно својата деловна активност ги води и обработува следните збирки на лични податоци:

- Збирка со лични податоци на вработени (евиденции од работен однос, плати, работно време и сл.);
- Збирка со лични податоци на добавувачи (евиденција на продавачи од кои ПЕЈТЕН набавува добра);
- Збирка со адресни податоци за клиенти (евиденција купувачи кон кои се вршат услуги);
- Збирки за менаџирање со проекти и ресурси;
- Збирка на Видео надзор;
- Збирки на податоци од проекти (податоци од субјекти, крајни корисници кај Клиентот).

### 2. Дефинирање **на безбедносните технички и организациски мерки** неопходни за да се обезбеди доверливост, интегритет и отчетност на обработените податоци

Елементите за заштита на личните податоци во ПЕЈТЕН вклучуваат:

1. методи кои се користат за заштита на просториите во кои се обработуваат лични податоци (физичко обезбедување),
2. надзор над воведените правила и процедури за заштита на

податоците (организациска безбедност),

3. соодветни мерки за безбедност на податоците во ИТ системите во ПЕЈТЕН (техничка безбедност).

Принципите на примена и општите безбедносни организационо технички мерки неопходни за заштита на доверливоста и интегритетот на личните податоци кои се обработуваат се утврдени со Правилникот за технички и организациски мерки за заштита на личните податоци на ПЕЈТЕН, како и со одредбите на Правилникот за правење сигурносна копија, архивирање и чување, повторно враќање на зачуваните податоци, уништување, бришење и чистење на медиуми и Правилата за превенирање, реакција и санирање на инциденти.

## 3. Офицери на лични податоци

Активностите во областа на заштита на личните податоци ги спроведуваат назначени **Офицери на лични податоци**, кои ја контролираат усогласеноста на обработката на личните податоци со одредбите од оваа Политика и интерните Правилници и процедури на друштвото
Офицерите за заштита на лични податоци имаат право и се должни да поднесат предлози, забелешки, коментари во врска со заштитата на личните податоци, вклучувајќи ја содржината на Политиката, Правилниците процедурите и применетите безбедносни мерки, во согласност со нивните права, обврски од одговорности дефинирани со Законот за заштита на лични податоци, оваа Политика, Правилникот за определување права, обврски и одговорности на Офицерот за заштита на лични податоци, администраторите, овластени лица и корисниците на лични податоци на ПЕЈТЕН.

## 4. Администраторите на ИТ системот

Администраторите на ИТ системот ја следат - со должно внимание и во согласност со досегашните сознанија од оваа област - работата на ИТ системот и го известуваат Управниот одбор за сите забележани неправилности, во рамки и во согласност со нивните права, обврски од одговорности дефинирани со Законот за заштита на лични податоци, оваа Политика, Правилникот за определување права, обврски и одговорности на Офицерот за заштита на лични податоци, Администраторите, Овластените лица и Корисниците на лични податоци на ПЕЈТЕН

## 5. Нарушувања на заштитата на личните податоци

Правилата за однесување во случај на нарушување на заштитата на личните податоци се утврдени со интерниот акт - Прирачник за постапување во случај на нарушување на заштитата на личните податоци

Се препорачува во договорите со кои се регулира обработка на податоците, обработувачот (processor) треба да ја извести ПЕЈТЕН за нарушувањето на заштитата на личните податоци во рок од 24 часа од моментот кога ќе дознае за такво нарушување, осносно ПЕЈТЕН е должен да го извести Кмнтролорот и Агенцијата зазаштита на лични податоци во законски утврдените рокови, не подолго од 72 часа од настанување на инцидентот.

## 6. Правила за пренос на лични податоци во трети земји

Со цел да се спроведат активности поврзани со исполнување на договори за поддршка на Клиенти на ПЕЈТЕН, личните податоци можат да бидат примени од трети земји или пренесени во трети земји.

Правилата за пренос на лични податоци за даден клиент на ПЕЈТЕН се дефинирани во договорите за доверба склучени со Клиенти (Контролори на податоци) и во договорите склучени помеѓу ПЕЈТЕН и разни производители на софтвер или друг вид на опрема.

Контролорот на податоци може да пренесе лични податоци на други друштва од Групацијата ПЕЈТЕН во ограничен обем, неопходен заради исполнување на законските обврски, исполнување на услови од задолжителните корпоративни правила и принципи на работа, вклучително и оние кои се однесуваат на усогласеност, финансиско известување, внатрешна ревизија, управување со ризици и постојана поддршка за деловните процеси и обезбедување на внатрешни комуникација со компанијата основач и со сите останати членки на Групацијата ПЕЈТЕН.

Личните податоците ќе се пренесуваат на начин и во согласност со законот за заштита на лични податоци и позитивната Европска Регулатива, независно дали ќе се пренесуваат податоци меѓу земји членки на Европската економска заедница или не. Преносот ќе се врши врз основа на договори што содржат стандардни клаузули за заштита на личните податоци утврдени согласно позитивните прописи.

## 7. Обработувачи на податоци

ПЕЈТЕН како Контролор спроведува процедура за избор на надворешен соработник (outsourcing) како обработувач пред да биде ангажиран соработникот односно обработувачот.

Процедурата се врши со анализа на безбедносните технички и организациски мерки кои ги применува соработникот односно обработувачот, анализа на ризиците од обработката на личните податоци од страна на соработникот односно обработувачот, точни овластувања на под-обработувачите.

Сите дополнителни права и обврски за соработникот односно обработувачот се утврдени во договор и дефинирани согласно закон.

# III. ОДГОВОРНОСТИ

**Вработените** во ПЕЈТЕН во рамките на своите работни обврски, одговорности и надлежности според принципот „потребно е да знае" ги почитуваат и применуваат оваа Политика, како и целокупната документација донесена врз основа на неа.

Сите вработени се информираат, запознаваат и се одговорни за почитување на политиките и процедурите за заштита на личните податоци за што потпишуваат и посебна Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци, која е составен Правилникот за определување права, обврски и одговорности на Офицерот за заштита на лични податоци, администраторите, овластени лица и корисниците на лични податоци на ПЕЈТЕН.

Вработените за било кој сомнеж, инцидент, дилема, или проблем во врска со обработката на личните податоци се консултираат и го информираат **Офицерот за**

**заштита на лични податоци,** а со цел да се обезбеди дека тој е навремено вклучен во сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци.

**Управниот одбор** на ПЕЈТЕН ги усвојува и донесува сите документи за воспоставување на системот за заштита на личните податоци, именува и разрешува Офицер за заштита на лични податоци, администратори и Одговорни лица и е одговорен во однос на начинот на функционирање на системот за заштита на личните податоци.
Одлуките за именување на Офицер, Администратори и Одговорни лица за тајност и заштита на обработката на личните податоци, се составен дел на Правилникот за определување права, обврски и одговорности на Офицерот за заштита на лични податоци, администраторите, овластени лица и корисниците на лични податоци на ПЕЈТЕН.

## IV. РЕВИЗИЈА НА ПОЛИТИКАТА

ПЕЈТЕН ќе ја менува Политиката и интерните акти донесени врз основа на неа, доколку се направат промени во информацискиот систем и информатичката инфраструктура, а најмалку еднаш годишно врши оценување, евалуација и ажурирање.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Политика стапува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување.
Ова Политика ќе биде објавена на интерната и јавната веб страна на ПЕЈТЕН со што се обезбедува транспарентност и информираност на крајните субјекти за принципите на заштита на нивните права и правата кои можат да ги остварат согласно закон, во смисла на Изјавата за приватност, составен дел на оваа Политика.

За **ПЕЈТЕН ДООЕЛ Скопје**
Управители

Славчо Ангеловски ______________

Јордан Кнтурски ______________

**ИЗЈАВА ЗА ПРИВАТНОСТ**

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци кои ПЕЈТЕН како Контролор и Обработувач на податоци ги собира од субјектите на лични податоци при вршење на своите редовни деловни активности, какои преку видео надзорот при посета на службените/деловните простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

## 1. Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?

Контролорот собира лични податоци преку своите системи од следните причини (цели):

- остварување на со закон утврдени задолжителни евиденции и контроли;
- остварување на деловни активности дефинирани по вид обем и цел, согласно склучени договори за соработка;
- остварување на активности во согласност со задолжителни корпоративни правила;
- со цел контрола на пристапот до објектот (зграда, влез, простории..) и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените во Контролорот и посетителите, како и на имот и информациите кои се лоцирани или се чуваат во просториите;
- за да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации; и
- да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средства во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените, или закани по безбедноста на персоналот кој работи во просториите (на пример: пожар, физички напад).

Системите за обработка како и системот за видеонадзор не се користат за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места, но не и да се препознаат лица.

Системот за видеонадзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видеонадзор се инсталираат на кликнете тука за да го внесете текстот. и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените/деловните простории (објекти), вклучително и имотот (на пример за паркирање).

Системот со видеонадзор ја опфаќа областа на: да се даде детален опис (на пример: влезните и излезните места на зградата, влезните места во зградата, гаража и надворешна површина на зградата... )

## 2. Какви податоци собира Контролорот?

Контролорот собира само неопходни податоци кои служат за оставрување на легитимните законски цели при остварување на со закон утврдени задолжителни евиденции и контроли; остварување на деловни активности дефинирани по вид обем и цел, согласно склучени договори за соработка; остварување на активности и пренос на податаоците во согласност со задолжителни корпоративни правила.

Контролорот собира само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

### 3. Кој е одговорен за обработка на податоците?

Контролорот е правен субјект кој ја врши обработката на личните податоци и кое ги утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Покрај тоа, на маилот: МК ITS@asseco-see.mk има лице кои ќе ве контактира и е одговорно за видеонадзорот, односно на и маил: Oficer@asseco-see.mk на кој ќе ве контактира лице одгвоорно за останатите лични податоци кои се обработуваат.

### 4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци?

Контролорот прибира лични податоци заради следните законски цели:

-остварување на со закон утврдени задолжителни евиденции и контроли;
- остварување на деловни активности дефинирани по вид обем и цел, согласно склучени договори за соработка;
-остварување на активности во согласност со задолжителни корпоративни правила;

Контролорот користи опрема за видео надзор за (да се наведе една или повеќе од наведените цели):

- заштита на животот или здравјето на луѓето;
- заштита на сопственоста;
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата; или
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.

Затоа, обработката е законска согласно член 90 од Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа, на влезот на ПЕЈТЕН ДООЕЛ Скопје, има видливо и јасно истакнато известување за видеонадзорот кое им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видеонадзорот, како и за називот на контролорот кој го врши видеонадзорот и за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видеонадзор.

### 5. Кој може да ги види моите лични податоци?

Личните податоци кои се прибираат поради исполнување на права од работен однос, како и заради исполнување на деловни цели може да бидат дадени на увид и обработка на Контролорот како и на разни државни органи и институции како Управа за јавни приходи, државен завод за статистика, МВР и сл во согласност со закон.

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластените лица за видео надзор (на пример: членовите на безбедносниот персонал на Контролорот или од ангажираната Агенција за приватно обезбедување). Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на Администраторот на видео надзорот.

### 6. Како да ги контролирате вашите податоци?

Може да испратите барање на officer.gdpr@payten.com на пополнет образец кој може да го превземето со кликнување тука.

7. **Можам ли да пристапам до моите податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплатно, со испраќање на барање до кликнете тука за да го внесете текстот., или преку е-пошта до: кликнете тука за да ја внесете

8. Можам ли да ги менувам моите податоци?

Може да побарате промена и бришење на податоците во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци, внесени и во дадениот образец и доколку имате оправдан и легитимен интерес за истото.

Не е дозволено изменување на видео записот за видеонадзор.

9. **Може ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање на officer.gdpr@payten.com, на пополнет образец кој може да го превземето со кликнување тука, кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработка и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во секој случај на службена истрага.

10. **Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги избришете вашите податоци во секое време со испраќање на барање на кликнете тука за да го внесете текстот на следниот маил officer.gdpr@payten.com, на пополнет образец кој може да го превземето со кликнување тука кога обработката е незаконска.

11. **Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?**

Вашите податоци се чуваат кај Контролорот, освен ако не побарате од Контролорот или пак дадете согласност истите да бидат споделени. Во случај на споделување на Вашите податоци со трети страни согласно закон, ќе бидете известени на кого се откриени, за која цел и врз кој законски основ.

12. **Дали имам право на приговор?**

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во кое било време со испраќање на барање следниот маил: officer.gdpr@payten.com, на пополнет образец кој може да го превземето со кликнување тука, кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

13. **Што можам да направам во случај на проблем?**

а) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта до officer.gdpr@payten.com и да побарате да преземе акција.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на кликнете тука за да ја внесете officer.gdpr@payten.com.

в) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.dzlp.mk, која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

## 14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системите?

Обработката започнува во моментот на вработување- за вработените лица; моментот на ангажирање со договор за добавувачи, подизведувачи, соработници и сл; од моментот кога ПЕЈТЕН ќе отпочне со извршување на одредени деловни активности - во согласност со склучени договори за соработка, какои од оментот ќе ги посетите просториите на Контролорот.

## 15. Безбедност на личните податоци

Контролорот е посветен на заштита на вашите лични податоци. Затоа, користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат Вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме Вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

## 16. Колку долго ги чуваме вашите податоци?

Контролорот ќе ги чува Вашите лични податоци прибрани заради законски цели на обработка, поврзани со вработување и права од работен однос, во период од 45 години.

Контролорот ќе ги чува Вашите лични податоци прибрани при обработка на податоци за деловни цели 10 години.

Контролорот ќе ги чува Вашите лични податоци прибрани при Видео надзорот 30 календарски денови по Вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видео записи автоматски се бришат.

За **ПЕЈТЕН ДООЕЛ Скопје**

Управители

Славчо Ангеловски ____________

Јордан Кантурски ____________

Трговско друштво за производство, услуги и промет ПЕЈТЕН ДООЕЛ Скопје 1